| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прилог бр. 3.11** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **ОРГАНСКА ХЕМИЈА** | | | |
| 2. | Код | **НИЗЖС333** | | | |
| 3. | Студиска програма | Технолошко-металуршки факултет<br>**Сите студиски програми - ТЕХНОЛОГИЈА** | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Технолошко-металуршки факултет<br>Институт за органски технологии | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | 2 | **2 година /**<br>**3 семестар** | 7. | Број на ЕКТС- кредити | **6** |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Весна Димова | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Општа и неорганска хемија 1 (п)<br>Општа и неорганска хемија 2 (в) | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Студентите да се стекнат со познавања од областа на органската хемија: запознавање со основни поими од структура и реакции на органски соединенија, номенклатура на органски соединенија, физичко-хемиски карактеристики, можност за синтеза на органски соединенија и примена на органските соединенија во прехранхбена индустрија, биотехнологија, текстилна индустрија, фармација и хемиска технологија. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>Вовед во органска хемија. Структура и својства на органски соединенија. Хибридизација и видови на врски. Прикажување на структура на органски молекули. Изомери. Резонанција. Типови на органски реакции. Класификација на органски соединенија. Именување по правила на IUPAC номенклатура.<br>Јаглеводороди. Заситени јаглеводороди: алкани, структурна изомерија, конформација, реакции и механизми на добивање, реакции и механизми на супституција, претставници и нивна примена. Незаситени јаглеводороди: алкени, диени, карактеристики на двојна врска, геометриска изомерија, *E/Z* номенклатура, реакции и механизми на добивање, реакции на елиминација ($E_N1/E_N2$), хидридно/алкилно преместување, реакции и механизми на адиција и продукти кои се добиваат, полимеризација, претставници и нивна примена. Алкини: структура, реактивност и примена. Циклични јаглеводороди: циклоалкани и циклоалкени, геометриска изомерија, добивање и реакции.<br>Ароматични соединенија: структура, правила за ароматичност, поделба. Моноциклични: бензен и деривати на бензен, реакции и механизми на добивање, реакции на електрофилна ароматична супституција ($S_EA$), влијание на супституенти, индуктивен/резонантен ефект. Полициклични: со изолирани прстени; со кондензирани прстени: нафтален, структура, реакции. Ароматични јадра во биолошко активни соединенија.<br>Халогени деривати на јаглерод. Алкил халиди: добивање, реакции и механизми на елиминација и нуклеофилна супституција ($S_N2/ S_N1$). Арил халиди, арилалкил халиди, ациклични и незаситени халогени деривати.<br>Органски соединенија со кислород. Алкохоли: поделба, својства, реакции и механизми на добивање, реакции на алкохоли. Незаситени алкохоли. Полиоли. Феноли: својства, добивање, реакции, киселост на феноли, примена. Етери и циклични етери (епоксиди).<br>Естери на минерални киселини: структура, добивање и примена. Органски соединенија со сулфур: тиоалкохоли, тиоетери, добивање, реакции. Органометални соединенија: *Grignard*-ови соединенија; силициуморгански соединенија, силикони.<br>Органски соединенија со азот. Нитро и амино соединенија: карактеристики на нитро и амино група, добивање, реакции во кои стапуваат, базност на амини. Биолошко важни амини со амино група во странична низа. Амино алкохоли. Диазо и азо соединенија. Азо бои: структура, карактеристики и примена во текстилна индустрија.<br>Карбонилни соединенија. Алдехиди и кетони: својства, реакции и механизми на добивање, реакции на нуклеофилна адиција на C=O, реакција на супституција на кислород на C=O, Каницарова реакција, реакција на кондензација. Ароматични алдехиди и кетони. Некои биолошки нуклеофилни адициони реакции.<br>Карбоксилни киселини: алифатични заситени/незаситени моно и дикарбоксилни кислеини, ароматични моно и дикарбоксилни киселини, поделба, структура, киселост на карбонилна група, добивање, реакции на карбоксилни киселини. Деривати на киселини: халогениди, анхидриди, естери, амиди, структура, својства, добивање и реакции. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Нитрили на киселини. Деривати на јаглеродна киселина. Супституирани киселини: халоген, хидроски, кето и амниносупституирани киселини.<br><br>Биомолекули: основни поими. Протеини: структура, видови, добивање и киселост/базност на амино киселини, изоелектрична точка, пептиди и протеини, добивање, видови на врски, класификација и структура на протеини; ензими. Липиди: масти, масла и восоци: структура, реакција на хидролиза, сапуни, детергенти, фосфолипиди, терпени и терпеноиди, изопренско правило, стероиди. Стереохемија: конформација, енантиомери, хиралност, оптичка активност, *R/S* конфигурација, примери за хиралност во природа. Јаглехидрати. Моносахариди: поделба, перспективни формули, мутаротација, реакции на моносахариди, пентози и хексози. Дисахариди: редуктивни и нередуктивни дисахариди. Полисхариди: хомо и хетерополисахариди, скроб, целулоза, деривати на целулоза, гликоген, хитин, хијалуронска киселина и нивна примена. Деокси шеќери. Нуклеински киселини: амино бази, структура, деоксирибонуклеинска и рибонуклеинска киселина, Watson-Crick-ов модел, синтеза на протеини. Хетероциклични соединенија: номенклатура, основни хетероциклични јадра со азот, кислород и сулфур, кондензирани хетероциклични соединенија. Поважни биолошко активни молекули со хетероциклично јадро. Синтетски полимери: основни поими. Биоразградливи полимери. | | | |
| 12. | Методи на учење: предавања и консултации, лабораториски вежби, домашна задача, домашно учење (подготовка на испит) | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часови | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 45 часови |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | 45 часови |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 10 часови |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | 20 часови |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 60 часови |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 80 бодови | |
| | 17.2. | Успешно реализирани лаборато-риски/аудиториски вежби | 10 бодови | |
| | 17.3. | Индивидуална работа/домашна задача | 5 бодови | |
| | 17.4. | Активност и учество | 5 бодови | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | 51 до 60 бода | 6 (шест) (Е) | |
| | | 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (А) | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | Минимум 11 бодови од активностите 17.2 и 17.4 | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Анонимна анкета на студентите | | |
| 22. | Литература | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | |

| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | В. Димова | Органска хемија | Интерна скрипта предавања за студентите од II година на Технолошко – металуршки факултет - Скопје | 2018 |
| | | 2. | Џ. Мекмури | Органска хемија, (John McMurry Organic Chemistry, 6 Edition)<br>Превод на македонски јазик – д-р Ј. Богданов и д-р Б. Богданов | Brooks/Cole a division of Thomson learning<br>Просветно дело | 2004<br>2009 |
| | | 3. | M. V. Piletic,<br>B. Lj. Milic,<br>S. M. Dilas | Organska hemija I<br>Organska hemija II | Univerzitet u Novom Sadu,<br>Prometej,<br>Novi Sad | 1993 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | J. Clayden, N. Greeves, S. Warren | Organic Chemistry<br>Second edition | Oxford<br>University Press | 2012 |
| | | 2. | F. A. Carey<br>R. J. Sundberg | Advanced Organic Chemistry<br>Fifth edition<br>Part A: Structure and Mechanisms | Springer | 2007 |
| | | 3. | C. E. Bell,<br>D. F. Taber,<br>A. K. Clark<br>J. Богданов,<br>Б. Богданов | Organic Chemistry Laboratory with Qualitative analysis Standard and Microscale experiment<br>Превод од англиски | Harcourt College Publishers<br>Скопје | 2001<br>2004 |